Република Северна Македонија
ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА
СПИ.бр.12/24
04.07.2024 година
Гевгелија

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот М.О, Основниот суд Гевгелија на ден 03.07.2024 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од барателот М.О, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, СЕ УВАЖУВА.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од барателот М.О, Имателот на информацијата Основен суд Гевгелија, а во врска со доставеното барање Ве известува за следното:

**1.** Во Основниот суд Гевгелија за ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем член 394-г од КЗ во 2023 година примени се 5 предмети и истите се решени, а до 30.06.2024 година примен е 1 предмет и истиот е решен. Предметите се евидентирани под броевите К-40/23, К-44/23, К-5/24, К-54/23, К-59/23 и К-8/23.Истите се достапни преку порталот www.sud.mk.

По однос на другите податоци за кривичните предмети сторени од омраза наведени во Вашето барање за периодот од 2019 до 30.06.2024 година во Основниот суд Гевгелија не се заведени таков вид на предмети.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Основен суд Гевгелија на ден 04.07.2024 година, под СПИ.бр.12/24.

По овластување на Претседателот на судот
Службено лице за посредување со информации од јавен каратер
Раководител на оддел - Павле Тунев